РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-1878/1
10.04 2023 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 10.04.2023 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) "Грохот 1" на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) "Грохот 1" на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес Општина Велес нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Рационално користење, штедење и заштита на природните ресурси и искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија,
- Намалување на емисиите во воздухот, а со тоа и намалување на емисиите на стакленички гасови,
- Намалување и ублажување на климатските промени,
- Зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика,
- Намалување на зависноста од увоз на струја,
- Позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и економски ефект.

4. Според горе наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена:
   - Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја)
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков